NEW YORK UNIVERSITY SKOPJE NYUS

STAFFORDSHIRE UNIVERSITY



Врз основа на член 108 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр. 35/2008), и член 21 од Статутот на Њујорк Универзитет Скопје, за американски и европски студии Универзитетскиот Академски Совет објавува

# КОНКУРС

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ НА ДОДИПЛОМСКИ И ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2009/2010 г.



**Отсега сите програми и на македонски јазик!!!**

**НОВО!!! Вонредни студии!**

## ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ

I. **Студиски програми**

На факултетите на Њујорк Универзитет Скопје, во прва година на додипломски студии во академската 2009/2010, можат да се запишат следниот број на студенти:

| Факултет* | Број на студенти*** |
|---|---|
| **Факултет за бизнис администрација****<br>- Бизнис студии<br>- Маркетинг менаџмент<br>- Сметководство и финансии<br>(признаени испити за ACCA сертификат) | 160 |
| **Факултет за компјутерски науки и информатички технологии****<br>- Информатика<br>- Компјутерски науки<br>- Компјутерски системи<br>(Во склоп на студиите студентите се обучуваат по CISCO програмите за компјутерски мрежи) | 80 |
| **Факултет за меѓународни односи, политика и европски студии**<br>- Меѓународни односи<br>- Политички науки<br>- Европски студии | 100 |
| **Факултет за комуникации и медиуми**<br>- Комуникации и медиуми | 80 |
| **Правен факултет******* | 80 |
| **Факултет за англиски јазик и литература** | 20 |

* Сите наставни програми се изведуваат на англиски и македонски јазик
** Студентите на овие програми се стекнуваат и со **британска диплома** од **Стафордшир Универзитетот**
*** За формирање на една група потребно е минимум 20 студенти
**** Школарината изнесува 1350 € по семестар со вклучени административни трошоци
***** Во завршна фаза на основање

**II. Услови и критериуми за запишување**

1. Завршено средно четиригодишно образование, или образование соодветно на тоа, и положена државна или меѓународна матура. Доколку не се пополни предвидениот број на студенти, право за запишување имаат и кандидатите од гимназиите со положена училишна матура и кандидатите од средните стручни училишта со положен завршен испит.
2. Солидно познавање на англискиот јазик за кандидатите кои се запишуваат на студиските програми кои се следат на англиски јазик (Универзитетот организира бесплатна подготовка и тестирање по англиски јазик).
3. Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно средно образование или образование соодветно на тоа надвор од Република Македонија имаат право да се запишат само врз основа на успехот од средно училиште (со нострификација при Министерството за образование и наука на Република Македонија).
4. На Универзитетот може да се запишат и **трансфер студенти** од други Универзитети.

**III. Документи за пријавување и запишување**

1. Пополнет формулар за пријавување (достапен и на интернет страницата на Универзитетот www.nyus.edu.mk)
2. Диплома за положена државна матура или диплома за завршено средно образование за студентите кои го имаат завршено средното образование пред 2008 година или надвор од Република Македонија;
3. Свидетелства од сите години;
4. Копија од лична карта или пасош;
5. Две фотографии.

**IV. Рокови за пријавување и адреса**

Пријавувањето на кандидатите ќе се врши до 15 септември 2009 година.

Кандидатите треба да ги доставаат документите во просториите на Универзитетот, или преку пошта на следната адреса: **Њујорк Универзитет Скопје, Сарај бб, 1000 Скопје**

## ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ

**Единствено кај нас... Диплома од Англија!**

**I. Студиски програми**

Кандидатите може да се запишат на следните последипломски програми:

| Студиска програма* | Број на студенти |
|---|---|
| **МБА****<br>- Општа<br>- Финансии<br>- Маркетинг<br>- Менаџмент на човечки ресурси<br>- Менаџмент на информатички системи<br>- Меѓународен | 40 |
| **КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ**<br>- Информатика (Стафордшир Универзитет)<br>- Применети компјутерски науки | 40 |
| **КОМУНИКАЦИИ И МЕДИУМИ**<br>- Комуникации<br>- Односи со јавноста<br>- Комуникации и нови медиуми | 40 |
| **ЕВРОПСКИ СТУДИИ**<br>- Европски студии<br>- Европско деловно право<br>- Споредбено меѓународно и европско право | 40 |

* Наставните програми се изведуваат на англиски и македонски јазик
** Студентите на овие програми се стекнуваат и со **британска диплома** од **Стафордшир Универзитетот** (освен за програмата Применета вештачка интелегенција)

**II. Услови и критериуми за запишување**

1. Завршени додипломски студии
2. Солидно познавање на англискиот јазик за кандидатите кои се запишуваат на студиските програми кои се следат на англиски јазик (Универзитетот организира бесплатна подготовка и тестирање по англиски јазик).
3. На програмите може да се запишат и **трансфер студенти** од други Универзитети.

**III. Документи за пријавување и запишување**

1. Пополнет формулар за пријавување (достапен и на интернет страницата на Универзитетот www.nyus.edu.mk);
2. Диплома за завршени додипломски студии;
3. Копија од лична карта или пасош;
4. Две фотографии.

**IV. Рокови за пријавување и адреса**

Пријавувањето на кандидатите ќе се врши до 15 септември 2009 година.

Кандидатите треба да ги доставаат документите во просториите на Универзитетот, или преку пошта на следната адреса: **Њујорк Универзитет Скопје, Сарај бб, 1000 Скопје**

**V. Контакт**

**тел:(0)2 20 34 600** **info@nyus.edu.mk** **www.nyus.edu.mk**

CREATE THE DIFFERENCE